# ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

10 Декември 2019 година, Гевгелија Број 15 Година XXXIX

Врз основа на член 89 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на ден 06.12.2019 година, по расправата за Нацрт-Буџетот на општина Гевгелија за 2020 година, го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

1.Се утврдува Нацрт-Буџетот на општина Гевгелија за 2020 година, со предлозите и забелешките изнесени во дискусиите на седницата.

2.Нацрт-Буџетот на општина Гевгелија за 2020 година се става на јавна расправа и се објавува на ВЕБ-страната на општина Гевгелија.

3.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-2084/1
06.12.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Тодор Ристов с.р.***

---

Врз основа на член 89 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на ден 06.12.2019 година, по расправата за Нацрт-Програмата за уредување на градежното земјиште во општина Гевгелија за 2020 година, го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

1.Се утврдува Нацрт-Програмата за уредување на градежното земјиште во општина Гевгелија за 2020 година, со предлозите и забелешките изнесени во дискусиите на седницата.

2.По Нацрт-Програмата за уредување на градежното земјиште во општина Гевгелија за 2020 година ќе се спроведе јавна расправа.

3.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-2085/1
06.12.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Тодор Ристов с.р.***

---

Врз основа на член 89 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на ден 06.12.2019 година, по расправата за Нацрт-Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта и улици во општина Гевгелија за 2020 година, го донесе следниот,

## З А К Л У Ч О К

1.Се утврдува Нацрт-Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта и улици во општина Гевгелија за 2020 година, со предлозите и забелешките изнесени во дискусиите на седницата.

2.По Нацрт-програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта и улици во општина Гевгелија за 2020 година ќе се спроведе јавна расправа.

3.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-2086/1
06.12.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
*Тодор Ристов с.р.*

---

Врз основа на член 22-б од Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на РМ" бр.68/04...163/18 г.) и член 38 став (1) точка 20 од Статутот на општина Гевгелија („Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14г.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 06.12.2019 година, донесе

## О Д Л У К А

**За измени и дополнување на Одлуката за утврдување на цената на превозот на ученици од средното и основното образование во општинскиот линиски превоз на патници во општина Гевгелија**

**Член 1**

Во Одлуката за утврдување на цената на превозот на ученици од средното и основното образование во општинскиот линиски превоз на патници во општина Гевгелија („Службен гласник на општина Гевгелија бр.9/19 г.), членот 3 се менува и гласи:

"Бесплатниот превоз на ученици утврден со Законот за основното образование и Законот за средното образование на подрачјето на општина Гевгелија се врши од страна на носителите на дозвола за општински линиски превоз, по цени кои не можат да бидат повисоки од цените за останатите патници".

**Член 2**

Членот 4 се менува и гласи:

"Цената на дневниот билет по ученик се утврдува по изминат километар и изнесува::

| км | Линија | Дневна цена во денари во еден правец |
|---|---|---|
| 1-5 | Богородица-Гевгелија | 28 |
| 1-5 | Мрзенци-Гевгелија | 28 |
| 1-5 | Моин-Гевгелија | 38 |
| 1-5 | Моин-Ново Конско | 19 |
| 1-5 | Прдејци-Негорци | 28 |
| 1-5 | Давидово-Миравци | 28 |
| 5-10 | Ново Конско-Гевгелија | 47 |
| 5-10 | Прдејци-Гевгелија | 30 |
| 5-10 | Негорци-Гевгелија | 30 |
| 10-15 | Смоквица-Гевгелија | 75 |
| 15-25 | Милетково-Гевгелија | 95 |

| | | |
|---|---|---|
| 15-25 | Миравци-Гевгелија | 98 |
| 25-30 | Давидово-Гевгелија | 107 |
| | | |

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Сл. гласник на општина Гевгелија.

Бр.09-2087/1
06.12.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
*Тодор Ристов с.р.*

---

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02г.), член 38 став (1) точка 44 и член 84 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10и 18/14г.), а во врска со член 14 став (4) од Законот за минерални суровини ("Службен весник на РМ" бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14,129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16 и 189/16г.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 06.12.2019 година, расправајќи по барањето на Министерството за економија за доставување мислење за повторното барање на барателот "РЕЗЕРВОАР МИНЕРАЛС МАКЕДОНИЈА" ДООЕЛ Скопје за доделување на концесија за вршење на детални геолошки истражувања на минерална суровина-метални минерални суровини на локалитетот "с.Коњско" општина Гевгелија и општина Кавадарци, за делот кој зафаќа од територијата на општина Гевгелија, го донесе следново

**М И С Л Е Њ Е**

1. Советот на општина Гевгелија на својата 37-ма седница одржана на ден 06.12.2019 година, го разгледа барањето на Министерството за економија до општина Гевгелија под арх.бр.24-4946/2 од 28.11.2019 година за доставување мислење по повторното барање за доделување на концесија за вршење на детални геолошки истражувања на минерална суровина-метални минерални суровини на локалитетот "с.Коњско"-општина Гевгелија и општина Кавадарци на барателот "РЕЗЕРВОАР МИНЕРАЛС МАКЕДОНИЈА" ДООЕЛ Скопје, и одлучи за делот којшто припаѓа на општина Гевгелија, согласно законските надлежности, да даде **НЕГАТИВНО МИСЛЕЊЕ.**

2.При донесувањето на ваквото мислење, Советот на општина Гевгелија ги зеде предвид неколкуте стратешки документи на централно и локално ниво. Поконкретно, ваквото мислење е во согласност со Просторниот план на РСМ, со Локалниот еколошки акционен план на општина Гевгелија од 1998 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.03/98г.), како и со Одлуката за усвојување на Стратегијата за Локален одржлив развој на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.22/06г.), со Програмата за локален економски развој на општина Гевгелија со сите нејзини дополнувања, каде што децидно е наведено дека **"на територијата на општина Гевгелија се забранува изградба на објекти од тешка и загадувачка индустрија, во насока на зачувувањето на здравата животна средина"**, со Планот за управување со отпадот во општина Гевгелија за периодот 2017-2022 година, како и со Анализата за изводливост за подобро управување со цврст отпад во општина Гевгелија од 2016 година.

На ова се надоврзуваат и цврстиот став на Градоначалникот и сите членови на Советот на општина Гевгелија, како и недвосмислениот став на невладиниот сектор и целокупната јавност во општина Гевгелија, општина Гевгелија да биде модерна, европска, одржлива и пред се - зелена општина.

**3.**Советот на општина Гевгелија смета дека Министерството за економија и Владата на РМ како надлежен орган за работите од областа на минералните суровини, треба во целост да го почитува ставот на Советот на општина Гевгелија за давање **НЕГАТИВНО МИСЛЕЊЕ** околу повторното барање за доделување концесија за вршење на детални геолошки истражувања, и да ги цени сите наброени стратешки документи, заложбите на општина Гевгелија и мислењето на граѓанскиот сектор и пошироката јавност во општинаГевгелија во прилог на ваквиот став.

**4.** Се обврзуваат стручните служби на општина Гевгелија навремено да го испратат ова Мислење на Советот на општина Гевгелија до Министерството за економија на РСМ, не подоцна од законски определениот рок од 15 дена од денот на приемот на барањето за повторно мислење.

**5.** Мислењето влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-2088/1
06.12.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Тодор Ристов с.р.***

---

Врз основа на член 40 став (2) од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14год.), и член 125 став (2) и (3) од Деловникот на Советот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.05/07год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 06.12.2019 год., расправајќи по предлогот на Комисијата за прашања на избори и именувања, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За формирање Комисија за изработка на Програмата за работа**
**На Советот на општина Гевгелија за 2020 година**

1.Со ова Решение се формира Комисија од пет члена за изработка на Програмата за работа на Советот на општина Гевгелија.

2.За членови на горенаведената Комисија се именуваат:

**- Лазар Мешков (претседател),**
**- Александра Караманова (член),**
**- Петар Јанчев (член),**
**- Игор Илков (член),**
**- Томе Кичуков (член).**

3.Комисијата за изработка на Програмата за работа на Советот на општина Гевгелија за 2020 година се задолжува да ги собира, анализира и внесува во Програмата сите задачи и работи коишто се поднесени до Советот на општина Гевгелија од страна на овластените предлагачи.

4.Се задолжува Комисијата за изработка на Програмата за работа на Советот на општина Гевгелија за 2020 година да ги известува задолжените субјекти да ги доставаат актите и материјалите од својот делокруг на разгледување и усвојување пред Советот на општинаГевгелија во зацртаниот рок воПрограмата.

5.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-2089/1
06.12.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
*Тодор Ристов с.р.*

---

Врз основа на член 183 став (3) од Законот за социјална заштита („Службен весник на РСМ" бр. 104/19 и 146/19), член 36 став (1) точка 5 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.) и член 38 став (1) точка 42 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 8/10 и 18/14 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 06.12.2019 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
### за разрешување на член во Управниот одбор на Меѓуопштинскиот центар за социјални работи Гевгелија

1. Во Управниот одбор на Меѓуопштинскиот центар за социјална работа Гевгелија, како претставник на општината, се разрешува:
- Миле Атанасов, со ВСС-Факултет за царина и шпедиција, од Гевгелија.
2. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-2090/1
06.12.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
*Тодор Ристов с.р.*

---

Врз основа на член 183 став (3) од Законот за социјална заштита („Службен весник на РСМ" бр. 104/19 и 146/19), член 36 став (1) точка 5 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.) и член 38 став (1) точка 42 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 8/10 и 18/14 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 06.12.2019 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
### за именување член во Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштинскиот центар за социјални работи - Гевгелија

1.Во Управниот одбор на Јавна установа Меѓуопштинскиот центар за социјални работи - Гевгелија како претставник на општинската администрација се именува:
- Љубица Карајанова, вработена во општинска администрација на Општина Гевгелија, на работно место Раководител на Одделение за социјална, здравствена, детска и други заштити, култура и спорт.
2. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-2091/1
06.12.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
*Тодор Ристов с.р.*

---

Врз основа на член 89 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 06.12.2019 година, расправајќи по Информацијата за отпочнатата постапка за отворање Депонија за складирање и преработка на инертен и комерцијален отпад во општина Неготино, го донесе следниов

## ЗАКЛУЧОК

1.Општина Гевгелија да испрати барање до Министерството за животна средина и просторно планирање во Владата на РСМ да дојде во Гевгелија и да изврши јавна презентација на Студијата за оценка на влијанието врз животната средина во општина Гевгелија од работата на Депонијата за складирање и преработка на инертен и комерцијален отпад во општина Неготино.

2.Овој Заклучок влегува во сила на осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-93/1
06.12.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
*Тодор Ристов с.р.*

---

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02 год.) и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на општина Гевгелија, („Службен гласник на општина Гевгелија“ бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 06.12.2019 година, донесе

## ОДЛУКА
**За измена и дополнување на Одлуката за исплата на финансиски средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2019 година**

### Член 1

Со оваа Одлука се врши Измена и дополнување на Одлуката за исплата на финансиски средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2019 година, донесена од Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 30.08.2019 година под арх. бр.09-1393/1, со која се одобри исплата на финансиски средства во висина од 400.000 денари како финансиска помош за реконструкција на кровот и опожарените станови од зградата на улица "Ристо Чавдаров" бр.25 во Гевгелија, коишто беа опфатени во пожарот кој ја зафати зградата на ден 30.07.2019 година.

### Член 2

Се врши измена на членот 2 каде што наместо зборовите "а ќе се преведат на денарска трансакциска сметка 270-7000516742-74, отворена во Халкбанка АД-Скопје", треба да стои: "**а ќе се префрлат директно на изведувачот "Металомонт" ДООЕЛ-Струмица на трансакциската сметка бр.240110001149134, УНИ БАНКА**".

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-2094/1
06.12.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Тодор Ристов с.р.***

---

## СОДРЖИНА

1.Заклучок по Нацрт-Буџетот на општина Гевгелија за 2020 година ............... 829

2.Заклучок по Нацрт-Програма за уредување на градежното земјиште во општина Гевгелија за 2020 година ............................................................ 829

3.Заклучок по Нацрт-Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта и улици во општина Гевгелија за 2020 година ............................................................ 829

4.Одлука за измена и дополнување на Одлуката за утврдување на цената на превозот на ученици од средното и основното образование во општинскиот линиски превоз на патници во општина Гевгелија ............................................ 830

5.Мислење по барање на Министерство за економија за доделување концесија за вршење на детални геолошки истражувања на минерална суровина - металични минерални суровини на локалитетот с.Конско - општина Гевгелија и општина Кавадарци за делот кој зафаќа од територија на општина Гевгелија, на барателот РЕЗЕРВОАР МИНЕРАЛС МАКЕДОНИЈА дооел Скопје ........................................ 831

6.Решение а формирање Комисија за изработка на Програмта за работа на Советот на општина Гевгелија за 2020 година ............................................ 832

7.Решение за разрешување н член на УО на Меѓуопштинскиот центар за социјални работи Гевгелија ............................................................ 833

8.Решение за именување член на УО на Меѓуопштинскиот центар за социјални работи Гевгелија ............................................................ 833

9.Заклучок по Информацијата за отпочната постапка за отварање депонија за складирање и преработка на инертен и комерцијален отпад во општина Неготино . 834

10.Одлука за измена и дополнување на Одлуката за исплата на финансиски средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2019 година ........................................ 834

**"СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА", излегува по потреба**
**Уредува и издава: Општина Гевгелија - Одделение за стручно-административни и општи работи и Одделение за правни работи,ул."Димитар Влахов"4 Гевгелија**